Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 25.2.2020 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-2216/1 од 03.10.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-730/1 од 23.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-1576/1 од 26.10.2018 година и Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-187/1 од 24.1.2020 година,

**Член 2**

Во Глава II РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ во членот 11 став (1) се менува и гласи:

„(1) Кандидатот за инспектор од категорија Б, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови, и тоа:

- стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1степен;

- посебни работни компетенции за сите нивоа:
  - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германиски);
  - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
  - општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;
  - работно искуство, и тоа:
    - за нивото Б3 и Б4 – најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор;"

**Член 3**

Во Глава II РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ во членот 12 став (1) се менува и гласи:

„(1) Кандидатот за инспектор од категорија В, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови, и тоа:

- стручни квалификации:
  - за нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, и

- за нивоата В2, В3 и В4 – ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1

-посебни работни компетенции за сите нивоа:

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германиски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;
- работно искуство, и тоа:
    - за нивото В1 – најмалку три години работно искуство по дипломирањето;
    - за нивото В2 – најмалку две години работно искуство по дипломираето;
    - за нивото В3 – најмалку една година работно искуство по дипломирањето;
    - за нивото В4 – со или без работно искуство по дипломирањето.“

**Член 4**

Во глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 5.Одделение за инспекциски работи – Инспекторат, во работното место со реден број „69. Назив на работно место – Раководител на одделение за инспекциски работи“, во делот Други посебни услови, зборовите: „-стручни квалификации – најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

-работно искуство – најмалку четири години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку една година на работно место од нивото В1;

-општи работни компетенции - категорија Б, согласно со Рамката на општи работни компетенции;

- посебни работни компетенции - да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:

- Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен,
- Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
- ECDL: Core – положен;

-да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет.“ се бришат.

**Член 5**

Во глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 5.Одделение за инспекциски работи – Инспекторат, во работното место со реден број „70. Назив на работно место – Комунален инспектор“, во делот Други посебни услови, зборовите:

„-стручни квалификации - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

-работно искуство - најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работно место од нивото В2;

-општи работни компетенции - категорија Б, согласно со Рамката на општи работни компетенции,

-посебни работни компетенции - да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:

- Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен,
- Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
- ECDL: Core – положен;

-да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет.“ се бришат.

**Член 6**

Во глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 5.Одделение за инспекциски работи – Инспекторат, во работното место со реден број „71. Назив на работно место – Овластен инспектор за животна средина", во делот Други посебни услови, зборовите:
„-стручни квалификации - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
-работно искуство - најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работно место од нивото В2;
-општи работни компетенции - категорија Б, согласно со Рамката на општи работни компетенции,
-посебни работни компетенции - да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:
- Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен,
- Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
- ECDL: Core – положен;

-да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет." се бришат.

**Член 7**

Во глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 5.Одделение за инспекциски работи – Инспекторат, во работното место со реден број „72. Назив на работно место – Овластен градежен инспектор", во делот Други посебни услови, зборовите:
„-стручни квалификации - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
-работно искуство - најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работно место од нивото В2;
-општи работни компетенции - категорија Б, согласно со Рамката на општи работни компетенции,
-посебни работни компетенции - да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:
- Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен,
- Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
- ECDL: Core – положен;

-да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет." се бришат.

**Член 8**

Во глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 5.Одделение за инспекциски работи – Инспекторат, во работното место со реден број „73. Назив на работно место – Овластен инспектор за патишта и патен сообраќај", во делот Други посебни услови, зборовите:
„-стручни квалификации - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
-работно искуство - најмалку една година работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба;
-општи работни компетенции - категорија Б, согласно со Рамката на општи работни компетенции,
-посебни работни компетенции - да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:

- Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен,
- Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
- ECDL: Core – положен;

-да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет.“ се бришат.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко опоштество и администрација.

Бр.01-485/1
25.2.2020 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

***м-р Сашо Поцков***